РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 09-3224/1
17-09-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 40 став 2 од Деловникот за работа („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 38-та седница, прво продолжение одржана на ден 09.09.2020 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2381/1 од 10.04.2019 година, доставена од познати подносители СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија нема надлежност за постапување по предметот со број 09-2381/1 од 10.04.2019 година, односно во доставената пријава нема доволно елементи за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси против лицата ------------, ------------- – доктор вешто лице, ------------ – вешто лице психијатар, ------------- – Виш Јавен обвинител, ---------------- – судија на Апелационен суд -------------, ------------- Судија на Основен суд ---------------- ------------------ – судија во основен суд ----------. Предметот да се достави на надлежно постапување до Судски совет на Република Северна Македонија.

Во Државната комисија за спречување на корупцијата, предметот со број 09-2381/1 од 10.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Оформен е предмет со број 09-2381/1 од 10.04.2019 година врз основа на пријава поднесена од познати подносители, застапувани од Адвокат ------------------- од Скопје, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата во која се искажани наводи за злосторничко здружување, несовесно работење во службата, лажно пријавување на кривично дело и злоупотреба на службената положба и овластување од страна на лицата ------------------, ---------------------- – доктор вешто лице, ------------------ – вешто лице психијатар, ---------------- – Виш Јавен обвинител, ----------------- – судија на Апелационен суд – --------------, ------------------- Судија на Основен суд -------------------, ----------------- – судија во основен суд ----------- и побарано е Државната комисија да изврши ревизија на судски одлуки од неколку судски постапки од причина што одредени вештачења и докази не се земани во предвид од страна на судиите .

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Согласно надлежностите утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на одржаната седница, а по разгледување на сите предметни наводи и приложени докази, Државната комисија констатира дека нема законски основ да постапува по поднесената пријавата 09-2381/1 од 10.04.2019 година, односно Државната комисија нема надлежност да врши преиспитување на судска постапка и утврдување на злосторничко здружување, несовесно работење, злоупотреба на службена положба.

Согласно надлежностите дадени со член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија. покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица, поради што Државната комисија одучи предметот да се достави на надлежно постапување до Судски совет на Република Северна Македонија, и согласно нивната надлежност утврдена во член 36 став 1 алинеи 15 и 16 од Законот за судски совет на РСМ да постапат по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите и да се грижи за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството, бидејќи во конкретниот предмет се посочуваат --------------- – судија на Апелационен суд – ------------, ---------------- Судија на Основен суд ------------, --------------------- – судија во основен суд ---------------------- за нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Станка Милановска, виш соработник
Одобрил: Катица Николовска, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**